СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-1066/2
Дата/Data: 24-03-2025

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1 Со ова Решение на Министерството за транспорт се издава Дополна на Услови за планирање на просторот за изградба на магистрален гасовод, делница Свети Николе – Велес, Општина Велес.

Должината на трасата за која што се издава Дополната на Условите за планирање на просторот изнесува 0,27 km.

Предметниот опфат граничи со плански опфати на издадени Услови за планирање на просторот со тех број:

- У20616 за Урбанистичко – планска документација за градби од посебен интерес, за проект "Купи куќа за млади" во КО Велес, Општина Велес.
- У10823 за Генерален урбанистички план за град Велес 2023-2033, Општина Велес.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Bazuar në nenin 42, paragrafi (1) dhe paragrafin (9) të Ligjit për planifikim urban ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25), dhe në lidhje me nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për zbatimin e planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 39/04), Ministri i Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor miratoi:

**VENDIM**
**për Kushtet e planifikimit hapësinor**

1. Me këtë Vendim, Ministria e Transportit lëshon një Shtesë të Kushteve për planifikimin hapësinor për ndërtimin e gazsjellësit kryesor, seksioni Shën Nikollë – Veles, Komuna e Velesit.

Gjatësia e trasës për të cilën jepet Shtesa e Kushteve për planifikimin hapësinor është 0,27 km.

Zona përkatëse kufizohet me zonat e planifikimit të cilat kanë kushte të miratuara për planifikimin hapësinor me numrat teknikë:

- U20616 për Dokumentacionin urbanistik-planifikues për objekte me interes të veçantë, për projektin "Bli shtëpi për të rinjtë" në KO Veles, Komuna e Velesit.
- U10823 për Planin Urbanistik të Përgjithshëm të qytetit të Velesit 2023-2033, Komuna e Velesit.

Lloji i dokumentacionit planifikues duhet të harmonizohet me Ligjin për planifikimin urbanistik dhe Rregulloren për planifikimin urbanistik.

Kushtet për planifikimin hapësinor duhet të përfaqësojnë parametra hyrës dhe udhëzime për


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Дополната на Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y06121i се составен дел на Решението.

3. Дополната на Условите за планирање на просторот за изградба на магистрален гасовод, делница Свети Николе – Велес, Општина Велес, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25).

6. Согласно податоците од Експертниот елабрат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија

planifikimin e hapësirës dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese në të gjitha fushat relevante për planifikimin hapësinor, të përpunuara në përputhje me Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

2. Shtesa e Kushteve për planifikimin hapësinor nga pika 1 e këtij Vendimi, e përgatitur nga Agjencia për Planifikim Hapësinor me nr. teknik Y06121i, është pjesë përbërëse e këtij Vendimi.

3. Shtesa e Kushteve për planifikimin hapësinor për ndërtimin e gazsjellësit kryesor, seksioni Shën Nikollë – Veles, Komuna e Velesit, përmban dispozita të përgjithshme dhe specifike, udhëzime dhe zgjidhje, si dhe përfundime detyruese që dalin nga dokumentacioni planifikues i nivelit më të lartë dhe anekset grafike që përfaqësojnë ekstrakte nga plani.

4. Një nga përcaktimet prioritare të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, veçanërisht kufizimi strikt i transformimit të tokës së klasës I-IV për përdorim jobujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokës.

5. Hartuesi ose përpiluesi i dokumentacionit planifikues është i detyruar të sigurojë të gjitha të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe specifike për mbrojtjen e mjedisit jetësor, natyrës dhe ujërave për projektin konkret dhe për zonat fqinje që kufizohen me zonën e planifikimit, të cilat janë të nevojshme për hartimin e një plani urbanistik ose projekti urbanistik, në përputhje me nenin 47 të Ligjit për planifikimin urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25).

6. Sipas të dhënave nga Raporti Ekspert për mbrojtjen e trashëgimisë kulturore dhe Harta Arkeologjike e Republikës së Maqedonisë, në zonën e komunës kadastrale Veles janë regjistruar me Vendim monumente të patundshme kulturore,


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

на подрачјето на катастарската општина Велес има регистрирани со Решение недвижни споменици на културата, евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на магистрален гасовод, делница Свети Николе – Велес, Општина Велес, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Министерството за транспорт, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 66274 од 12.11.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Дополна на Услови за планирање на просторот за изградба на магистрален гасовод, делница Свети Николе – Велес, Општина Велес.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ја изработи Дополната на Условите за планирање на просторот за изградба на магистрален гасовод, делница Свети Николе – Велес, Општина Велес и ја достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15-1066/1 од 05.03.2025 година.

Дополната на Условите за планирање на просторот за изградба на магистрален гасовод, делница Свети Николе – Велес, Општина Велес. претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

monumente të patundshme kulturore të evidentuara dhe lokalitete arkeologjike.

7. Gjatë marrjes së Vendimit për zbatim ose Vendimit për moszbatim të vlerësimit strategjik për dokumentacionin e gazsjellësit kryesor, seksioni Shën Nikollë – Veles, Komuna e Velesit, është e domosdoshme të merren parasysh udhëzimet për nevojën e realizimit të Vlerësimit Strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor, si dhe vërejtjet dhe konkluzionet nga fushat sektoriale të përfshira në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

**ARSYETIM**

Ministria e Transportit, bazuar në nenin 42, paragrafi (1) i Ligjit për planifikimin urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25), paraqiti kërkesë përmes sistemit e-urbanizëm me numër të procedurës UPP 66274 më 12.11.2024, pranë Agjencisë për Planifikimin Hapësinor për lëshimin e një Shtese të Kushteve për planifikimin hapësinor për ndërtimin e gazsjellësit kryesor, seksioni Shën Nikollë – Veles, Komuna e Velesit.

Në përputhje me nenin 42, paragrafi (8) të së njëjtit ligj, Agjencia për Planifikimin Hapësinor përgatiti Shtesën e Kushteve për planifikimin hapësinor për ndërtimin e gazsjellësit kryesor, seksioni Shën Nikollë – Veles, Komuna e Velesit dhe ia dorëzoi Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor me nr. 15-1066/1 më 05.03.2025.

Shtesa e Kushteve për planifikimin hapësinor për ndërtimin e gazsjellësit kryesor, seksioni Shën Nikollë – Veles, Komuna e Velesit, përfaqëson parametra hyrës dhe udhëzime për planifikimin e hapësirës dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese në të gjitha fushat relevante për planifikimin hapësinor.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Përfundimet e përcaktuara në Kushtet për planifikimin hapësinor, të cilat rrjedhin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, përfaqësojnë veprime detyruese në planifikimin e mëtejshëm të hapësirës.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

Bazuar në sa më sipër, vendoset siç përcaktohet në dispozitivin e këtij vendimi.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

UDHËZIM LIGJOR: Kundër këtij vendimi për kushtet e planifikimit hapësinor mund të ngrihet një kontest administrativ pranë gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga marrja e vendimit.

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

**МИНИСТЕР/ Ministër**
**Izet Mexhiti**

Изработил/Përpiloi: Соња Фурнаџиска, раководител на одделение / udhëheqes njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqes sektori

Одобрил/Miratoi: Resmi Ejupi-Државен секретар/Sekretar shtetëror
Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të: Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Husamet Agushovski
Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Nedim Rama


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk